**Друштво за осигурување**
**ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје**

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА МИСИРКИ, БИСЕРКИ И ПАУНИ

Ознака: ПУС-жив-мисирки 04.24
Број: 1101-21/06/09
Датум на примена: 09.04.2024

## ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 1**

[1] Предмет на осигурување се:
- мисирки, бисерки и пауни за репродукција со старост од 28 недели до навршени 56 недели (матично јато),
- подмладок на мисирки, бисерки и пауни со старост од 1 ден до 28 недели, одгледувани според специјална технолошка постапка.

[2] Осигуреникот треба да ги осигури сите мисирки, бисерки и пауни способни за осигурување.

[3] Предмет на осигурување не може да бидат:
- болни мисирки, бисерки и пауни за кои постои сомнение на некоја заразна болест;
- мисирки, бисерки и пауни закржлавени или во лоша кондиција;
- мисирки, бисерки и пауни кои се чуваат во лоши хигиенски услови; и
- мисирки, бисерки и пауни кои се одгледуваат на екстензивен начин.

## ОПАСНОСТИ ОПФАТЕНИ СО ОСИГУРУВАЊЕ И ИСКЛУЧОЦИ

**Член 2**

[1]Осигурувачот е должен да плати надомест од осигурување за штети кои ќе настанат поради опасност од пцовисување поради болест или несреќен случај во обемот утврден во овие Услови.

[2] Со ова осигурување не се опфатени опасностите кои настануваат поради:
– за време додека не почнала обврската на осигурувачот (за време на каренца);
– отепување или колење на болни мисирки, бисерки и пауни кога за тоа ќе издаде наредба надлежна ветеринарна инспекција заради сузбивање и задушување на заразни болести;
– непридржување кон пропишаните зоохигиенски критериуми;
– поради болест или инфекција кај осигурените мисирки, бисерки и пауни, ако болеста постоела пред да се склучи осигурувањето, без оглед дали знаците на разболување биле видливи или не, и ако штетата настанала во рок од 3 месеци по склучувањето на осигурување за мисирките од точка 1 од член 1, ако штетата настанала во рок од 15 дена.

## СУМА НА ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 3**

[3] Мисирките, бисерките и пауните се осигуруваат по грло на вредност која ќе ја одреди осигуреникот. Тој износ не може да биде поголем од реалната пазарна цена, како во времето на склучување на осигурувањето, а кај подмладокот на мисирките и бисерките за гоење на крајот на периодот од осигурувањето.

[4] Осигурувачот може да ја ограничи сумата на осигурување за поодделни категории на мисирки, бисерки и пауни.

[5] Вредноста на мисирките, бисерките и пауните од точка 1, член 1, се добива со собирање на почетната вредност и вредноста на прирастот до крајот на периодот од осигурувањето, но тој износ не може да биде поголем од сумата на осигурување.
[6]Вредноста на исти раси на мисирки, бисерки и пауни не може да биде различна. Сумата на осигурување мора да биде иста за сите грла, и тогаш кога истите се наоѓаат во разни објекти.

**МЕСТО НА ОСИГУРУВАЊЕ**
**Член 4**

[1] Осигурувањето на мисирките, бисерките и пауните важи само за време додека тие се наоѓат во објектите на осигуреникот, означен во полисата како место на осигурување.

**УТВРДУВАЊЕ И ПРЕСМЕТКА НА ШТЕТА**
**Член 5**

[1] Утврдување и процена на штета врши осигурувачот, односно ветеринар. Настанатата штета мора да се утврди на самото место каде е настаната, и тоа на лешевите од пцовисаните мисирки, бисерки и пауни.
[2] Реална вредност на настраданите грла е:
– за мисирките, бисерките и пауни од точка 1, став 1 член 1 од овие Посебни услови, е реално претрпената штета спрема пазарната вредност, но најмногу до сумата на осигурување;
– за мисирки, бисерки и пауни од точка 1, став 2 од член 1 од истиве Услови, вредноста се одредува согласно член 3 од овие Услови, со собирање на почетната вредност и вредноста на прирастот, до денот на настанување на штетата.
[3] Осигурувачот ја исплатува пресметаната штета спрема претходниот став во полн износ, освен:
– ако на денот кога настанала штетата се утврди дека осигуреникот има поголем број на мисирки, бисерки и пауни од осигурениот број, или дека не постапил во смисла на одредбата од член 3 став 1 од овие Посебни услови; тогаш штетата се пресметува сразмерно меѓу утврдениот број при увидот на штетата и бројот кој е назначен во полисата;
– ако на денот на штетата се утврди дека мисирките, бисерките и пауните кај еден осигуреник во јатата биле осигурени на различни суми на осигурување, тогаш штетата ќе се пресмета врз основа на просечната сума на осигурување од сите категории на животни;
– осигурувачот има право да учествува непосредно при прегледот на пцовисаните мисирки, бисерки и пауни и утврдувањето на причината за настанување на осигурениот случај (ризик), а во врска со тоа, осигуреникот е должен на осигурувачот да му ги предаде сите податоци со кои располага, а кои се неопходни за утврдување на причината, обемот и висината на штетата;
– колење на осигурените грла без вистинска потреба и причина согласно одредбите на овие Услови;
– бучава, свирење со автомобили и трактори, како и задушување предизвикано од разни надворешни фактори;
– транспорт на осигурените грла.

[4] Сите трошоци во врска со лекувањето на болните мисирки, бисерки и пауни, селекцијата, превозот на лешевите од пцовисаните грла, издавањето на потребни доказни документи, ветеринарни извештаи за болеста и пцовисувањето, паѓаат на товар на осигуреникот.

**ПОЧЕТОК И ПРЕСТАНОК НА ОБВРСКИТЕ НА ОСИГУРУВАЧОТ**
**Член 6**

[1]Обврската на осигурувачот за надомест од осигурувањето започнува:
– во случај на пцовисување, како последица од несреќен случај, во 24 часот на денот кога осигурувањето е склучено, ако на тој ден е платена премијата, доколку не е поинаку договорено;
– во случај кога пцовисувањето ќе настане поради болест, во 24 часот од 14-тиот ден од денот кога осигурувањето е склучено, ако до тој ден е платена премијата и доколку не е поинаку договорено.
[2]Обврската на осигурувачот престанува во моментот кога мисирките, бисерките и пауните ќе го напуштат објектот назначен во полисата, односно во 24 часот на денот кој е назначен во полисата како истек на осигурувањето.
[3] Ако до истекот на осигурувањето не заврши технолошкиот процес на производството, осигурувањето може да се продолжи со посебна доплата на премијата за осигурување.

**ПРИМЕНА НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ЖИВОТНИ**
**Член 7**

[1] За осигурувања склучени по овие Посебни услови се применуваат и одредбите од Општите услови за осигурување животни, ако не се во спротивност со нив.

Овие Услови се донесени врз основа на Овластување на Надзорниот одбор на Друштво за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје утврдено со Одлука бр.0203-04/13 од 03.03.2023 година и Одлука на Управниот одбор бр. 0202-21/06 од 09.04.2024 година и ќе се применуваат од 09.04.2024 година.